Врз основа на член 17 точка ѓ) и член 45 став (8) и (9) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/2010, 13/2012, 59/2012, 123/2012 и 23/2013) и член 5 од Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување (Службен весник на Република Македонија број 154/2008 и 40/2011), во постапка на одобрување на предлог измена на референтната понуда за интерконекција Неотел ДОО Скопје, директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 31.01.2014 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

I

СЕ ОДОБРУВА предлог измена на референтната понуда за интерконекција на операторот на Неотел ДОО Скопје, доставена со допис број 0303-2711 од 14.01.2014 година.

II

СЕ ЗАДОЛЖУВА Неотел ДОО Скопје да ја објави референтната понуда на својата веб страница во рок од пет дена од денот на добивањето на одобрението од Агенцијата и цените од истата да ги применува првиот ден од наредниот месец кој следи по месецот во кој е добиено ова одобрение.

III

Ова решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за електронски комуникации со Решение УП1 бр.0201-946 од 25.12.2013 година на Македонски Телеком АД Скопје му одобри измена на Референтната понуда за интерконекција со која меѓу другото се изврши и измена на цените на Основните услуги за сообраќај. Со измената е опфатена и цената на Услугата за национално терминирање на повик, притоа период со нормална тарифа и период со ефтина тарифа се брише и цената за една минута е намалена на 0,36 МКД/мин.

Во финалниот документ за втора анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо-Услуга за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација објавен на веб страната на Агенцијата на 05.08.2013 година во точка 17.58 е определено дека во референтните понуди на операторите кои се определени како оператори со значителна пазарна моќ на овој пазар треба да биде содржана и цената за завршување на повик во јавна телефонска мрежа на фиксна локација која што е заснована на симетрична основа со цената утврдена во референтната понуда на Македонски Телеком АД Скопје. Со оглед на ова, а имајќи ја предвид измената на Референтната понуда за интерконекција (МАТЕРИО) на Македонски Телеком АД Скопје со решение УП1 бр.0201-946 од 25.12.2013 година, директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на член 17 точка ѓ) и член 45 став (8) и (9) од Законот за електронските комуникации, донесе решение УП1 бр.0201-834 од 26.12.2013 година со кое го задолжи операторот Неотел ДОО Скопје да изврши измена на референтната понуда за интерконекција во ПРИЛОГ 3. Надоместоци на начин што:

- Во точка 1.1 Надоместоци за интерконекциската услуга за терминирање на национален говорен сообраќај во мрежата на Неотел кој оригинира од мрежата на операторот, во табелата, зборовите „Период со нормална тарифа (мкд/мин)“ и „Период со евтина тарифа (мкд/мин)“ се заменуваат со зборовите „(мкд/мин)“ а во третиот ред броевите „0,55„ и „0,23“ се заменуваат со бројот „0,36“.

Операторот Неотел ДОО Скопје постапи по барањето на Агенцијата и достави предлог на измена на референтната понуда за интерконекција со допис број 0303-2711 од 14.01.2014 година, усогласена во целост со решението бр.0201-834 од 26.12.2013 година.

Со оглед на ова, а во согласност со член 17 точка ѓ) и член 45 став (8) и (9) од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации

Наш број УП1-бр.0201-18/
Скопје, 31.01.2014 година

Раководител на одделение за
работи од областа на регулативата
Васка Петровиќ

Раководител на сектор за правни работи
Бојана Стефановска

Раководител на сектор за телекомуникации
Игор Бојаџиев

Раководител на сектор за анализа на пазарот
Марјан Пејовски

Шеф на кабинет
Елизабета Двојакова

Директор
Роберт Орданоски

Доставено до :
- Неотел ДОО Скопје
–архива

www.aek.mk
ул. „Димитрие Чуповски" бр.13
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

## ПРИЛОГ 3. НАДОМЕСТОЦИ

1. Надоместоци за Интерконекциската услуга која НЕОТЕЛ ја обезбедува на Операторот

1.1. Надоместоци за Интерконекциската Услуга за терминирање на национален говорен сообраќај во мрежата на НЕОТЕЛ кој оригинира од мрежата на Операторот

| Основни Услуги За Сообраќај | Надомест по минута сообраќај | | |
|---|---|---|---|
| | Период со нормална тарифа | Период со ефтина тарифа | МКД/минута |
| | МКД/минута | МКД/минута | |
| Услуга За Национално Терминирање | 0,55 | 0,23 | 0,36 |

Сите надоместоци се без вклучен ДДВ.

1.2. Надоместоци за Интерконекција

1.2.1. За иницијалното воспоставување на Интерконекцијата, за користење, како и за секоја понатамошна надградба на Интерконекцијата, Операторот ќе ги плати трошоците за Интерконекција спрема ценовникот на НЕОТЕЛ утврден во Табела 1 од овој член.